Врз основа на член 13, став (1) од Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија бр. 142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18) и член 5, став 1 од Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци за други услуги на Државниот испитен центар, бр. 01-440/3 од 28.12.2022 година, бр. 01-176/3 од 1.3.2023 година и бр. 01-197/3 од 15.04.2024 година Државниот испитен центар Скопје распишува:

**ЈАВЕН КОНКУРС**
**за избор на надворешни соработници–оценувачи на тестови на меѓународната студија ТИМСС - TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study)**

**Државниот испитен центар Скопје распишува конкурс за избор на надворешни соработници – оценувачи за оценување на тестови на меѓународна студија ТИМСС - TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study) која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и природна група предмети во четврто одделение на основното образование, и тоа:**

**- 2 (двајца) оценувачи на македонски јазик и англиски јазик;**
**- 2 (двајца) оценувачи на албански јазик и англиски јазик.**

**Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:**

- да имаат завршено најмалку академски студии од прв циклус од соодветната област (професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС или дипломиран педагог, VII/1 или VI/1 (според МРК) и 240 ЕКТС);
- да имаат најмалку 3 (три) години работно искуство во настава.

**Кандидатите задолжително ја доставуват следнава документација:**

- пополнета пријава (образецот на пријавата е поставен на следната веб-страница www.dic.edu.мк;
- копија од уверението/дипломата за завршени соодветни академски студии од прв циклус, заверена на нотар;
- потврда за заснован редовен работен однос и соодветно работно искуство од најмалку 3 (три) години во настава.

За кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови Државниот испитен центар Скопје ќе организира обука, по што следи проверка на знаењата на кандидатите.

Кандидатите кои не присуствувале на обуката, не се земаат предвид во понатамошната постапка.

Изборот на надворешни соработници - оценувачи се врши на начин и во постапка утврдена со Правилникот за начинот, постапката и критериумите за избор на надворешни соработници и утврдување на висината на авторските надоместоци и надоместоците за други услуги на Државниот испитен центар.

Конкурсот трае 5 (пет) работни дена, сметано од денот на објавувањето.

Пополнетата пријава со потребната документација се доставува ИСКЛУЧИВО ПО ПОШТА со препорачана поштенска пратка, на следнава адреса: Државен испитен центар – Скопје ул. „Васил Ѓоргов“ б.б. 1000 Скопје, со назнака „За јавен конкурс за надворешни соработници – оценувачи на ТИМСС“.

Нема да бидат разгледувани следниве пријави:

- пријавите доставени по истекот на предвидениот рок;
- нецелосно пополнетите пријави;
- пријавите кон кои не е доставена предвидената документација;
- пријавите кои не се доставени по пошта со препорачана поштенска пратка.

Дополнителни информации за конкурсот можат да се добијат на телефонскиот број 075 284 335, секој работен ден од 10.00 часот до 14.00 часот.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР СКОПЈЕ